АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

**Постапка со барање за прибирање понуди
со објавување оглас во хартиена форма која завршува со електронска
аукција бр.13/2012**

# ЗА НАБАВКА НА УСЛУГА ЗА

**Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање
на деловен простор во новинско издавачка куќа**

**Скопје, јануари 2013 година**

## Инструкции за понудувачите

### 1. Предмет на договорот за јавна набавка

Предмет на договорот за јавна набавка -Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа за потребите на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост –Скопје во текот на една година.

**Подетален опис на предметот на набавката:**
Јавниот оглас за издавање на деловен простор под закуп задолжително се објавува во најмалку три дневни весници, од кои во еден дневен весник на националностите каде сочинуваат повеќе од 20% од населението, а кои излегуваат на територијата на Република Македонија

**Предметот на набавката е деллив**

**Дел 1:** Дневни весници на македонски јазик
**Дел2:** Дневен весник на националностите кои сочинуваат повеќе од 20% од населението, а кои излегуваат на територијата на Република Македонија

### 2. Начин и рок на извршување на услугата

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го изврши во рок и на начин кој е детално даден во Моделот на Договорот за Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа

### 3. Разлики во цена (корекција на цени)
Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

### 5. Начин на плаќање

Набавувачот е должен на Понудувачот за извршената услуга да изврши плаќање по извршена услуга, вирмански и тоа во рок од 30 дена од приемот на фактурата потпишана од корисникот на услугата и овластеното лице на Извршителот на услугата во архивата на Нарачателот.

За извршена услуга се смета доставување до Понудувачот уредно потпишан Преглед со извршени услуги, закупен простор за реклама и објавување огласи за издавање деловен простор, датум на извршување на услугата опис на извршена услуга

### 6. Критериум за утврдување на способност на понудувачите
6.1. За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на

соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

6.2. За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави документ за регистрирана дејност **(ДРД Обрацез)** како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, кој го доставува заедно со понудата во оригинал или копија заверена од понудувачот.

**7.Критериуми за утврдување на техничка и професионална способност**:
Образовни и професионални квалификации на економскиот оператор особено на лицата кои се одговорни за давање на конкретна услуга

- **Да располага со соодветна опрема, простории и стручен кадар за извршување на услугата и обезбедување на квалитет**

**7.1 Документи за докажување на техничка и професионална способност**:

- Изјава потпишана од одговорното лице на економскиот оператор за техничка опременост (простории, опрема), кадровска опременост и оспособеност на економскиот оператор за извршување на услугата и обезбедување на квалитет

**8. Изготвување и поднесување на понудите**

8.1. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

8.2. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот на понуда во прилог на оваа тендерска документација. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластеното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

8.3. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Пополнет образец на понуда

- Пополнет образец на изјава за сериозност на понудата
- Доказ за регистрирана дејност (ДРД)
- Парафирани и со печат заверени изјави кои се бараат со тендерската документација.
- Парафирани и со печат заверени задолжителни одредби на договор

8.4. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 60 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

8.5. Затворање на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.
Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:
- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот (13-2012)
- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај", да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

8.6. Принцип на една понуда

Едно право или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

8.7 Краен рок за поднесување на понудите

Краен рок за поднесување на понудата е **22.01.2013 година до 12** часот. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

Понудите се поднесуваат на следнава адреса:

**Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје ул. „Орце Николов" бр. 138 Скопје, барака 6.**

## 9. Критериум за доделување на договорот

Критериум за избор на најповолна понуда и доделување на договорот за јавна набавка е:
Најниска цена……… цена 100 бода

## 10. Електронска аукција

10.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.

10.2. Подетални информации за електронската аукција:
Договорниот орган ќе користи електронска аукција како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди. Предмет на електронската аукција е вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти , **со** ДДВ. Почетна цена на електронската аукција е најниската цена, од прифатливите понуди поднесени во првичната фаза од постапката.
Поканите за учество на аукцијата ќе се достават во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди, до сите економски оператори кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза од постапката и кои се регистрирани во ЕСЈН.
Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена на адресата за е-пошта на лицето за контакт наведено во Образецот за понуда кое претходно е регистрирано во ЕСЈН.
Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на аукцијата, односно најниската цена од првично поднесените понуди,датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата; интервалот во кој ќе се спроведува негативното наддавање (минимална и максимална разлика во понудени цени).

**Предмет на електронската аукција ќе биде вкупната цена.**
Минимална разлика во процесот на негативно наддавање е 5% од почетната цена која е предмет на наддавање.

Максимална разлика во процесот на негативно наддавање е 10% од почетната цена која е предмет на наддавање.

Електронската аукција ќе се одвива во еден круг со времетраење од **30 (триесет минути)** со можност да се изврши автоматско продолжување на времето на негативно наддавање за дополнителни 3 минути, доколку во последните три минути од аукцијата се доставаат нови намалени цени.

## 11. Известување на понудувачите

Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

## 12. Правна заштита

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка,

во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

## 13. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

13.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

13.2 Веднаш по завршување на постапката, договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите.

**И З Ј А В А**

Изјавуваме дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќаме условите од Огласот бр.**13/2012** за **Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа** и сите услови наведени во тендерската документација,врз основа на кои ја поднесуваме нашата понуда.

Скопје, ___.___ 2013 година.

Понудувач,

______________________

(потпис на одговорно лице и печат)

## И З Ј А В А

Изјавуваме дека со поднесувањето на понудата согласно Огласот **бр.13/2012** за **Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа** се согласуваме да сите направени трошоци за изготвувањето на понудата према тендерската документација се на товар на понудувачот.

Скопје, ___.___.2013 година.

Понудувач,

__________________________

(потпис на одговорно лице и печат)

## И З Ј А В А

Изјавуваме дека со поднесувањето на понудата по Огласот бр.**13./2012** за **Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа** во целост ги прифаќаме Задолжителните одредби на договорот кој е составен дел на тендерската документација.

Скопје, ___.___.2013 година.

Понудувач,

__________________________

(потпис на одговорно лице и печат)

**И З Ј А В А**

Изјавуваме дека располагаме со техничка опременост (простории, опрема), кадровска опременост и оспособеност за извршување на услугата и обезбедување на квалитет.

Скопје, ___.___.2013 година.

Понудувач,

______________________

(потпис на одговорно лице и печат)

**Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот _________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот _________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

| | |
|---|---|
| Место и датум | Овластено лице |
| _____________________________ | _____________________________ |
| | (потпис и печат) |

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот за доделување договор за јавна набавка на услуга бр.**13/2012** за **Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа** во постапка со барање за прибирање на понуди и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: _____________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ___________________________________________________
- Телефон: __________________________________________________
- Факс: _____________________________________________________
- Е-пошта: __________________________________________________
- Лице за контакт: __________________________________________

I.3. Овластено лице: _______________________________________________

I.4. Даночен број: __________________________________________________

1.5 ЕМБС __________________________________________________

1.6 Жиро сметка __________________________________________________

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да извршиме услуга за **Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа**

II.2. Единечна цена без ДДВ **( за дел 1)** за закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор на една осмина од страна, на една четвртина од страна , една половина ,цела страна и см 2

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(во денари со бројки и букви)

II.3. ДДВ за закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор на една осмина од страна, една четвртина од страна,една половина, цела страна и см 2

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(во денари со бројки и букви)

II.4. Вкупната цена на понудата во денари по позициите, вклучувајќи ги сите трошоци, попусти со ДДВ, изнесува:

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(во денари со бројки и букви)

II.2.1 Единечна цена без ДДВ **( за дел 2)** за закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор на една осмина од страна, на една четвртина од страна , една половина ,цела страна и см 2

________________________________________________________

________________________________________________________

(во денари со бројки и букви)

II.3.1. ДДВ за закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор на една осмина од страна, една четвртина од страна,една половина, цела страна и см 2

________________________________________________________

________________________________________________________

(во денари со бројки и букви)

II.4.1 Вкупната цена на понудата во денари по позициите, вклучувајќи ги сите трошоци, попусти со ДДВ, изнесува:

________________________________________________________

________________________________________________________

(во денари со бројки и букви)

II.3. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација. Составен дел на понудата е спецфикацијата и истата е потребно да се пополни.

II. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложените задолжителни одредби на Договор за **Закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа**

Место и датум __________________________

Овластено лице __________________________

(потпис и печат)

**Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот ________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

| Место и датум | Овластено лице |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| | (потпис и печат) |